# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија за 2023 година

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија во 2023 година, своите активности ги насочи за остварување на програмските цели утврдени со Програмата за работа во 2023 година, Статутот и другите акти на Сојузот.

Во 2023 година, Сојузот во своето работење оствари

1.ВКУПНИ ПРИХОДИ 9.439.745 денари

2.ВКУПНИ РАСХОДИ 8.538.585 денари

**1.Вкупни приходи**
Вкупните приходи во 2023 година се остварени во износ од 9.439.745 денари и истите бележат пад за 1,8% во однос на остварените вкупни приходи во 2022 година, и пад од 4,1% во споредба со планираните приходи за 2023 година во износ од 9.846.061 денари.
Во 2023 година, Сојузот со остварените вкупни приходи во износ од 9.439.745 денари ги изврши вкупните расходи во износ од 8.538.585 денари.
Позитивниот финансиски резултат во работењето на Сојузот кој изнесува 901.160 денари, укажува на фактот дека рационално се трошени средствата за остварување на целите и задачите, предвидени со Програмата за работа на Сојузот за 2023 година.

Вкупните приходи се остварени од членарина и други приходи:
**Приходи од членарина**
Приходите од членарина е основен извор на финансирање на Сојузот. Во рамките на вкупните приходи, приходите од членарина се остварени во износ од 8.894.817 денари и истите во структурата на вкупните приходи учествуваат со 94,2%, додека од други приходи се остварени средства во износ од 544.928 денари со учеството од 5,8% во вкупните приходи. Приходите од членарина во деловната 2023 година се зголемени во однос на приходите од 2022 година за 2,3%, како резултат на зголемувањето на бројот на корисници на пензија кои членуваат во здруженија на пензионери - членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

**Другите приходи**
Од други приходи се остварени средства во износ од 544.928 денари и тоа од:
- кобрендирана картичка 65.814 денари
- инвалидски здруженија за весникот “Пензионер плус” 28.006 денари,
- проекти 173.061
- реклами 197.040 денари и
- други приходи 81.007 денари (други вонредни приходи во износ од 44.096 денари и камати во износ од 36.911 денари)

Остварените средства од други приходи во 2023 година споредени со остварените приходи во 2022 година во износ од 909.249 денари значително се намалени, поради неостварени приходи од донации и спонзорства и помалку остварени приходи од другите приходи, освен приходи од камати кои се зголемени поради зголемените каматни стапки.

Остварените приходи во деловната 2023 година споредени со планираните за 2023 година и со остварените приходи, како и структурата на одделните приходи во вкупните приходи во 2023 година се дава во следниот преглед:

| конто | назив | Остварено 2022 | План 2023 | Остварено 2023 | оств.2023/ оств. 2022 | оств.2023 план/2023 | Структ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=5/3 | 7=5/4 | 8 |
| | **ПРИХОДИ** | | | | | | |
| **7301** | Приходи од членарина | 8.699.034 | 9.080.000 | 8.894.817 | 102,3 | 98,0 | 94,2 |
| **7302** | Приходи од донации | 172.000 | 100.000 | | | | |
| **7303** | Приходи од спонзорства | 61.000 | 100.000 | | | | |
| **7304** | Приходи од кобрендир. картичка | 89.707 | 85.000 | 65.814 | 73,4 | 77,4 | 0,7 |
| **7305** | Прих.од инвал.Сојузи за весникот | 29.597 | 27.000 | 28.006 | 94,6 | 103,7 | 0,3 |
| **7307** | Приходи од проекти | 173.061 | 173.061 | 173.061 | 100.0 | 100,0 | 1,8 |
| **7810** | Приходи - реклами | 336.420 | 270.000 | 197.040 | 58,6 | 73,0 | 2,1 |
| **7819** | Други вонредни приходи и камати | 19.464 | 11.000 | 81.007 | 416,2 | 736,4 | 0,9 |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **9.608.283** | **9.846.061** | **9.439.745** | **98,2** | **95,9** | **100,00** |

Приходи од членарина во 2023 година бележат благ пораст од 2,3% во споредба со приходите остварени во 2022 година што се должи на порастот на вкупниот број на корисници на пензија од кои се пресметува и плаќа членарината, особено на корисниците на старосна пензија кои се членови на здруженијата на пензионери, членки на Сојузот. Во оваа година пензиите редовно се исплатуваа и редовно се вршеше дозначување на средства за членарина од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Бројот на корисници на пензија во 2023 година во однос на 2022 година се дава во следниот преглед:

| Вид на пензија | Корисници на пензија 31.12.2022 | Корисници на пензија 31.12.2023 | Зголемување/ намалување | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|
| Старосна | 231.066 | 235.957 | 4.891 | 101,9 |
| Инвалидска | 28.485 | 26.814 | -1.671 | 94,1 |
| Семејна | 75.265 | 74.206 | -1.059 | 98,6 |
| Вкупно | 334.816 | 336.977 | 2.161 | 100,6 |
| Воени | 867 | 790 | -77 | 91,1 |
| Земјоделски | 60 | 47 | -13 | 78,3 |
| **Вкупно** | **335.743** | **337.814** | **2.071** | **100,6** |

Според податоците во прегледот се гледа дека пораст на бројот на корисници на пензија се забележува само кај корисниците на старосна пензија од 1,9%, а кај другите видови на пензија се забележува намалување на бројот на корисници на пензија. Намалувањето на бројот на воена и земјоделска пензија е поради тоа што тие пензии се остварени според претходни законски прописи, кои повеќе не се во примена, додека бројот на инвалидски пензии секоја година се намалува, поради заострени услови за остварување на тоа право, потоа преземени повеќе превентивни мерки за заштита при работа, како и намалување на осигурениците вработени во фирми на потешки работни места. Од 48.364 корисници на инвалидска пензија во 2007 година, во 2023 година тој број изнесува 26.814 корисници што е скоро преполовен. Бројот на семејните пензии е константен и од 2007 година се движи од 74.000 до 76.000 корисници

Просечните пензии по видови на пензија изнесуваат:

| Вид на пензија | 31.12. 2022 | 31.12. 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Старосна пензија | 19.131 | 21.774 | 113,8 |
| Инвалидска пензија | 15.846 | 17.914 | 113,4 |
| Семејна пензија | 14.028 | 15.914 | 113,4 |
| Земјоделска пензија | 9.092 | 10.419 | 114,5 |
| Воена пензија | 25.115 | 28.575 | 113,8 |
| **Вкупно** | **17.727** | **20.195** | **113,9** |

Пензиите во 2023 година во однос на пензиите од 2022 година се зголемени за 13,9%, како резултат на усогласувањето на пензиите од 1 јануари 2023 година за 8,4% и усогласување на пензиите од 1 септември 2023 година за 5,3%, што преставува 50% од порастот на трошоците на животот и 50% од порастот на платите на вработените во претходното полугодие во однос на полугодието кое претходи.

Приходи од донации и спонзорства во 2023 година не се остварени.
Приходите од комбрендирана картичка се остварени во износ од 65.814 денари и истите се пониски во однос на планираните средства и во однос на остварените приходи во 2022 година. Намалувањето на приходите се должи на помал интерес на пензионерите за отварање на сметки во НЛБ која во изминатиот период единствена

беше која нудеше исплата на пензии на први во месецот, како и поради конкуренција од други банки кои нудат одредени поповолни услови.
Приходите од инвалидските сојузи на пензионери за весникот "Пензионер плус" изнесуваат 28.006 денари и истите се повисоки за 3,7% во однос на планираните.
Приходите од проекти се остварени во износ од 173.061 денари и истите се во рамките на планираните. Овие средства се донација од Европската унија за проектот "Рурален пензионер" и истите се донирани на пензионери од рурални средини преку доделување на пакети со прехранбени продукти.
Приходите од реклами се остварени во износ од 197.040 денари и истите се пониски и во споредба со остварените приходи од реклами во 2022 година и во споредба со планираните средства, поради намален рекламен простор во весникот по барање на субјектите кои рекламираат и намален интерес за рекламирање во весникот "Пензионер плус".
Другите приходи се остварени во износ од 81.007 денари од кои 36.911 денари се остварени од камати, а 44.096 денари се однесуваат на други вонредни приходи.

**Вкупни расходи** се остварени во износ од 8.538.585 денари и истите во споредба со планираните расходи за 2023 година се извршени со 86,7%, а во споредба со извршените расходи од 2022 година се пониски за 5,4%.Намалувањето на расходите во споредба со извршените расходи во 2022 година се должи на намалени расходи за тековни трошоци поради завршени работи околу адаптацијата на работните простории кои Сојузот ги реализира во 2022 година.

**Вкупните расходи** се однесуваат на следните трошоци и тоа:

| Ред бр | Вид на трошок | Остварено 2022 | Планирано 2023 | Остварено 2023 | 2023/2022 - | 2023/План | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Функционални трошоци | 4.413.249 | 5.236.100 | 4.678.939 | 106,0 | 89,4 | 54,8 |
| 2 | Интелектуални услуги | 1.291.838 | 1.515.900 | 1.420.085 | 109,9 | 93,7 | 16,6 |
| 3 | Тековни расходи | 3.318.996 | 3.094.061 | 2.439.561 | 73,5 | 78,8 | 28,6 |
| | **Вкупно** | **9.024.083** | **9.846.061** | **8.538.585** | **94,6** | **86,7** | **100,00** |

1.**Функционални расходи** се остварени во износ од 4.678.939 денари и истите се остварени со 89,4% во однос на планираните расходи за 2023 година, а во споредба со извршените расходи во 2022 година се повисоки за 6,0%. Во структурата на вкупните расходи функционалните расходи имаат најголемо учество што изнесува 54,8%.Најголем дел од функционалните расходи се однесува на расходите за спортски активности во износ од 595.455 денари, културно забавен живот во износ од 578.259 денари и издавање на весникот "Пензионер плус" во износ од 1.767.028 денари или вкупно за овие расходи 2.940.074 денари, односно 62,8% од функционалните расходи.

Трошоците за културно забавен живот се однесуваат за трошоци за одржување на 8-те регионални ревии во кои трошоци Сојузот учествува со 40.000 денари кај носителите-домаќини на одржување на регионалните ревии како и на организирање на централната Републичка ревија на песни, музика и игри.

Расходите за спорт и спортски активности се однесуваат за трошоци за одржување на 8 -те регионални спортски натпревари во кои трошоци Сојузот учествува со 40.000 денари кај носители – домаќини на спортските натпревари, како и на организирање на Републичките спортски натпревари. Спортските активности во оваа година се одржаа во сите 11 дисциплини.

Трошоците за издавањето на весникот "Пензионер плус" се однесуваат за печатење на весникот со написи од работата на органите и телата на Сојузот и здруженијата на пензионери и објавување на текстови во весникот Коха на албански јазик.

Функционалните расходи по намени во 2023 година, во однос на планираните и остварените во 2022 година се даваат во следниот преглед:

| | Функционални расходи | Остварени 2022 | План 2023 | Остварено 2023 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 4./2. | 4./3. |
| 1 | Собрание | 190.142 | 300.000 | 304.599 | 160,2 | 101,5 |
| 2 | Извршен одбор | 213.876 | 200.000 | 312.746 | 146,2 | 156,4 |
| 3 | Надзорен одбор | 42.419 | 50.000 | 40.752 | 96,1 | 81,5 |
| 4 | Ком за меѓународна сораб | | 100.000 | 11.799 | | 11,8 |
| 5 | Правно-економски форум | 52.474 | 50.000 | 59.441 | 113,3 | 118,9 |
| 6 | Спорт и спортски активности | 580.104 | 700.000 | 595.455 | 102,6 | 85,1 |
| 7 | Комисија за спорт | 60.090 | 80.000 | 84.840 | 141,2 | 106,1 |
| 8 | Културно забавен живот | 744.489 | 716.096 | 578.259 | 77,7 | 80,8 |
| 9 | Комисија за КЗЖ | 65.172 | 80.000 | 89.796 | 137,8 | 112,2 |
| 10 | Ком.за здравство и соц полит | 19.020 | 50.000 | 29.286 | 154,0 | 58,6 |
| 11 | Ком за информирање | 29.444 | 50.000 | 33.797 | 114,8 | 67,6 |
| 12 | Статутарна комисија | 27.410 | 50.000 | 37.997 | 138,6 | 76,0 |
| 13 | Пензионер плус | 1.720.629 | 1.800.000 | 1.767.028 | 102,7 | 98,2 |
| 14 | Одбор на Регистр организација | 28.629 | 50.000 | 26.397 | 92,2 | 52,8 |
| 15 | Работилница -новинари | 48.977 | 50.000 | 44.654 | 91,2 | 89,3 |
| 16 | Трошоци за функција | 193.574 | 250.000 | 109.632 | 56,6 | 43,9 |
| 17 | Монографија | 11.601 | 160.004 | 160.004 | 1379,2 | 100,0 |
| 18 | Културно творештво | 174.974 | 200.000 | 201.002 | 114,9 | 100,5 |
| 19 | Ком. За културно творештво | 12.264 | 20.000 | 8.176 | 66,7 | 40,9 |
| 20 | Социјална карта | 3.540 | 20.000 | | | |
| 21 | Ком за меѓугенерац сораб | 22.976 | 30.000 | | 0,0 | 0,0 |
| 22 | Ало пензионерски прашања | 52.781 | 100.000 | 56.173 | 106,4 | 56,2 |
| 23 | Координативно тело | 76.687 | 100.000 | 91.129 | 118,8 | 91,1 |
| 24 | Ком за пензионер. и старски | 41.977 | 30.000 | 35.977 | 85,7 | 119,9 |
| | **Вкупно** | **4.413.249** | **5.236.100** | **4.678.939** | **106,0** | **89,4** |

2.**Интелектуални услуги** се извршени во износ од 1.420.085 денари или 93,7% во однос на планираните расходи за 2023 година, а се повисоки за 9,9% во однос извршените расходи од 2022 година. Зголемувањето на расходите за интелектуални услуги е поради две нови ставки и тоа за проценка на имотот на Сојузот во износ од 17.700 денари и ревизија на сметка од независен ревизор во износ од 106.200 денари. Интелектуалните услуги во вкупните расходи учествуват со 16,6%.
Интелектуалните услуги се однесуваат на следните расходи:

| | | Остварено 2022 | Планирано 2023 | Остварено 2023 | 2023/2022 | 2023/План |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Договор на дело | 566.676 | 600.000 | 566.675 | 100,0 | 94,4 |
| 2 | Избрани лица | 693.336 | 750.000 | 693.336 | 100,0 | 92,4 |
| 3 | Книговодствен услуги | 24.000 | 24.000 | 24.000 | 100,0 | 100,0 |
| 4 | Одржување на програм | 7.826 | 18.000 | 12.174 | 155,6 | 67,6 |
| 5 | Проценка на имот | | 17.700 | 17.700 | | 100,0 |
| 6 | Ревизија на сметка | | 106.200 | 106.200 | | 100,0 |
| | **Вкупно** | **1.291.838** | **1.515.900** | **1.420.085** | **109,9** | **93,7** |

3.**Тековни расходи** се остварени во износ од 2.439.561 денари или 78,8% во однос на планираните расходи, а во споредба со остварените расходи од 2022 година во износ од 3.318.083 денари извршувањето изнесува 73,5%. Учеството на другите расходи во вкупните расходи изнесува 28,6%.

Поединечното извршување на тековните расходи со споредбени податоци во споредба со остварените расходи во 2022 година и планираните со Буџетот на Сојузот се дава во следниот преглед:

| Конто | Вид на расходи | Извршено 2022 год | Планирано 2023 год | Остварено 2023 год | Оств.2023/ 2022 год | Оства.2023/ план | Структу ра |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 400 | Потрошен материјал | 379.508 | 480.000 | 439.081 | 115,7 | 91,5 | 5,2 |
| 403 | Други услуги | 480.008 | 550.000 | 478.913 | 99,8 | 87,0 | 5,6 |
| 404 | Превозни и транспортни услуги | 20.214 | 25.000 | 2.333 | 11,5 | 9,3 | |
| 405 | Репрезентација | 457.056 | 500.000 | 382.725 | 83,7 | 76,5 | 4,5 |
| 408 | Наемнина | 74.810 | 85.000 | 20.480 | 27,4 | 24,1 | 0,2 |
| 409 | Др. матер расходи | 93.000 | 124.000 | 177.761 | 191,1 | 143,3 | 2,1 |
| 410 | Провизија | 127.828 | 150.000 | 148.202 | 115,9 | 98,8 | 1,7 |
| 412 | Премии за осигурув | 24.871 | 40.000 | 30.308 | 121,9 | 75,8 | 0,4 |
| 413 | Дневници и патни трошоци | 373.299 | 480.000 | 315.115 | 84,4 | 65,6 | 3,7 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 418 | Останати расходи | 1.157 | 7.000 | 1700 | 146,9 | 24,3 | |
| 420 | Меѓунар.соработка | | 100.000 | | | | |
| 430 | Пренесени средства | 180.000 | 200.000 | 200.000 | 111,1 | 100,0 | 2,3 |
| 440 | Градежни објекти | 599.485 | | | | | |
| 441 | Опрема | 233.339 | 180.000 | 80.980 | 34,7 | 45,0 | 1,0 |
| 451 | Донации и помошти | 273.421 | 173.061 | 161.963 | 59,2 | 93,6 | 1,9 |
| 480 | Вонредни трошоци | | | | | | |
| | Вкупно | 3.318.996 | 3.094.061 | 2.439.561 | 73,5 | 78,8 | 28,6 |

3.Во рамките на тековните расходи, поголемо учество имаат расходите за потрошен материјал, други услуги ,репрезентација и дневни и патни трошоци. Меѓутоа нивното извршување е во рамките на планираните средства со Буџетот на Сојузот за 2023 година

Трошоците за репрезентација изнесуваат 382.725 денари и истите се извршени со 76,5% во однос на планираните. Овие расходи во најголем дел се однесуваат на служење на вода и топли напитоци при одржување на седници на Собранието, Извршниот одбор и Комисиите.

Трошоците за дневни и патни трошоци се извршени во износ од 315.115 денари и истите се извршени со 65,6% во споредба со финансискиот план за 2023 година, а се пониски и во споредба со извршените расходи во 2022 година.

Од погоре наведените податоци остварен е позитивен финансиски резултат кој изнесува 901.160 денари и отука може да се заклучи дека Финансиското работење на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија во 2023 година се оствaруваше во рамките на предвидените средства со Финансискиот план за 2023 година. Во приходниот дел се забележува благ пораст на приходите од членарина, додека од другите приходи има значителен пад на приходите.

Позитивното финансиско работење укажува на фактот дека Сојузот располага со средствата наменски, законито, рационално и економично ги користи средствата.

Скопје, февруари 2024 година

СЗПМ - СКОПЈЕ